**СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА БИТОЛА**
**Секретаријат за стопанство**

Уп. бр. 10-2550
27.01. 1986 г.
Битола

Секретаријатот за стопанство на Собранието на Општината Битола постапувајќи по барањето на лицето Паленжовски Димче од Битола со стан на ул. Даме Груев бр. 177 врз основа на чл. 10 и 11 од Законот за вршење на занаетчиска дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани и за занаетчиски задруги („Сл. весник на СРМ" бр. 24/83 г.) и чл. 202 од Законот за општата управна постапка („Сл. лист на СФРЈ" бр. 32/78 г.) донесува

# РЕШЕНИЕ

СЕ ОДОБРУВА на лицето Паленжовски Димче од Битола со стан на ул. Даме Груев бр. 177 ДА ОСНОВА занаетчиски дуќан — електромеханичар за разладни уреди.

Предметот на работа е дејност електромеханичар за разладни уреди

Фирмата на дуќанот гласи: "Електролукс" Паленжовски Димче

Седиштето на деловната просторија се наоѓа на ул. Цар Самоил бр. 33.

Дуќанот е запишан во регистарот на занаетчиите на рег. лист бр. 843 од 27.01.1986г.

Дуќанот да отпочне со работа во срок од 2 месеци по приемот на ова решение.

## Образложение

Лицето Паленжовски Димче од Битола, со стан на ул. Даме Груев бр. 177 поднесе барање до овој Секретаријат заведено под Уп. бр. 10-2550 од 8.11.1985г. година и побара да основа занаетчиска дејност од занаетот електромеханичар за разладни уреди.

Овој орган, откако го разгледа барањето, утврди дека се исполнети законските одредби согласно горецитираниот закон и одлучи како во диспозитивот.

Такса во износ од 516 динари е налепена и прописно поништена на поднесокот.

ПОУКА: Недоволната странка има право на жалба во срок од 15 дена по приемот, жалбата се поднесува преку овој орган до Републичкиот комитет за индустрија на СРМ — Скопје таксирана со 60 динари таксени марки.

ЛС/ЉП

СЕКРЕТАР
на Секретаријатот за стопанство
Спиро Магдески

(Печат: Собрание на општина Битола, Секретаријат за стопанство, СРМ, Битола)